Бр. 01-1199/1
17.03.2023 година

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

## 1. Податоци за избраната програма

***Име на програмата:***
*Стручно оспособување и усовршување во земјата и странство (потпрограма 11)*
***Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:***
*Сектор за човечки ресурси*
***Вид на програмата***
☐ *<u>Хоризонтална</u>*
☐ *Вертикална*

***Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020:***
*Со цел имплементација на член 5 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Стратегијата за воведување на родово - одговорно буџетирање на Владата на Република Македонија (2012-2017), како и обврските кои се содржани во Методологијата за родово одговорно буџетирање, Министерството за одбрана продолжува со имплементација на родовото одговорно буџетирање со изработка на втора буџетска изјава, а воедно го продолжува и процесот на следење на програмата 6 "Воена академија" за која беше изработена родово буџетска изјава ( 2018-2020).*
*Имајќи предвид дека Стратегијата за родова еднаквост има за цел унапредување на еднаквите можности на жените и мажите, односно на родовата перспектива, Министерството за одбрана го продолжува спроведувањето на родово одговорното буџетирање со избор на нова потпрограма 11 „Стручно оспособување и усовршување во земјата и странство". Со оваа потпрограма се обезбедува планирање на финансиски средства за образование, едукација и друг вид на стручно оспособување и усовршување на персоналот во земјата и странство, за кое е изработена родова – буџетска изјава (2022 – 2025).*

## 2. Вовед

*Буџетската потпрограма 11 - Стручно оспособување и усовршување во земјата и странство опфаќа планирање и следење на трошоците поврзани со стручното оспособување и усовршување на вработените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија во земјата и странство. Имено, оваа потпрограма е воведена во 2020 година по укинување на Владината потпрограма К2 – Стручно оспособување и усовршување.*

*Во потпрограма 11 - Стручно оспособување и усовршување во земјата и странство се планираат финансиски средства за:*
*- дневници, патни расходи, сместување и други споредни расходи за патувања во земјата и странство по следните основи: семинари, работилници и други видови обуки за стручно оспособување и усовршување;*
*- договорни услуги (трошоци за школувања (специјализации, последипломски студии), семинари и обуки, како и за исплата на трошоци за ангажирани надворешни соработници за реализација на обуките во земјата);*
*- други тековни расходи (трошоци за угостителски услуги за гости и делегации од земјата и странство, како и за набавка на репрезентативен материјал).*

*Со имплементација на родово - одговорното буџетирање и со изборот на оваа втора потпрограма, Министерството за одбрана продолжува со вклучување на родовата компонента во процесот на планирање и буџетирање започнат во 2018 година. Земајќи ги предвид различните импликации врз жените и мажите, во насока на детектирање и воочување на разликите и преземање мерки за надминување на нееднаквоста и причините за истата; овозможување правилна родова распределба на буџетските средства од аспект на родовата рамноправност.*

## 3. Позадина/контекст

*Во согласност со родово - буџетската изјава која ја изработи Министерството за одбрана за периодот 2022-2025 година се предвидоа следните аутпут индикатори:*

- *зајакнати компетенции на персоналот од Министерството и Армијата кој е вклучен во СОиУ ( број на обуки, родово разделени податоци за учесници на родовите обуки);*
- *пораст на пријавени кандидатки за упатување на СОиУ во земјата и странство за 10-20%;*
- *пораст на процентот на упатени кандидатки за упатување на СОиУ во земјата и странство за 10 - 20%.*

## 4. Остварени резултати, промени и влијанија(се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

*Носител на планирање на потпрограмата 11 е Секторот за човечки ресурси. Истата се спроведува согласно годишниот План за школување, стручно оспособување, специјализација и обука на персоналот на МО и Армијата.*

*Стручното оспособување и усовршување во земјата и странство е подеднакво достапно како за мажите, така и за жените преку еднакви можности за стручно оспособување и*

*усовршување на различни категории персонал - административни службеници во Министерството, како и воен и цивилен персонал на служба во Армијата.*
*- Зајакнати компетенции на персоналот од Министерството и Армијата кој е вклучен во СОиУ:*

- *Во насока на заедничко разбирање за важноста од вклучување на родовата перспектива во образованието и обуката во одбраната, во организација на UNDP/SEESAC се реализираше еднодневен семинар за родова перспектива за наставниот кадар – 12 професори на Воената академија "Генерал Михајло Апостолски' во Скопје, септември 2022 година.*

- *Зајакнати вештини и посебни компетенции на членовите на работната група за спроведување на родово одговорно буџетирање во Министерството за одбрана:*

*-"Gender Training of the Trainers Course", 05–16 септември 2022 година, во Хрватска во организација на RACVIAC, членка на работната група успешно го заврши курсот и се стекна со НАТО сертификат.*
*Членовите на работната група земаа учество и активности /обуки во текот на 2022 година организирани од Министерството за труд и социјална политика:*
*- Работилница на тема „Следење и евалуација на постигнувањата од Родово буџетските изјави " ,* ***со учество на 4 лица.***
*- Работилница на тема: „Родово буџетски изјави - Извештај за родово одговорно буџетирање,* ***со учество на 3 лица.***
*- Работилница на тема: „Родовата перспектива во јавните финансии - Родово одговорно буџетирање,* ***со учество на 3 лица.***
*- Регионална конференција за Родово одговорно буџетирање,* ***со учество на 2 лица.***

***- Упатени кандидати/кандидатки за стручно оспособување и усовршување во земјата, во Министерство за одбрана, Центар за обука „Д-р Џозеф Крузел"****(центар во кој се изведуваат специјализирани обуки (курсеви, семинари, работилници)*

***<u>Родово разделени податоци за 2022година:</u>***
*На специјализираните обуки земале учество вкупно 482 учесници, од кои 310 (65%) мажи, и 172 ( 35%) се жени.*

*Министерството за одбрана го следи трендот на задржување на процентот на упатени жени на специјализираните обуки.*

***- Стручно оспособување и усовршување во странство***

*Специјализации, школувања и курсеви во странство (курсеви во НАТО школи, Центри на совршенство; Партнерски центри за обука и едукација, и курсеви согласно билатералните планови со странските земји).*

***<u>Родово разделени податоци за 2022 година:</u>***

*На СОиУ биле упатени вкупно 162 лица од МО и Армијата, од кои 130 (80%) мажи, а 32 (20%) жени.*

***- Школувања, специјализации и последипломски студии:***

*1 (една) жена заврши Школа за национална одбрана;*
*1 (една) жена заврши Командно штабна академија;*
*1(една) жена заврши Висока школа за подофицери.*

## 5. Анализа на буџетски алокации (планирани и потрошени средства, по корисник, дополнителни средства, специфични трошоци за жени).

Во анализата на буџетските алокации можете да се водите од:
Анализа на потрошените средства во однос на поставените индикаторите за таа програма;
Процентуалната распределба на трошоците на мажите и жените;
Анализа на ефектите и влијанието во остварување на индикаторите на програми, специфично наменети за одредена категорија граѓани, мажи или жени.

*Во 2022 година, на оваа потпрограма одобрени се средства во износ од 16.000.000 ден. од кои реализирани се 15.550.033 денари, и тоа 12.440.000 денари се реализирани за упатување на школувања на мажи, а 3.110.033 денари за упатување на школувања на жени.*
*Средствата одобрени на оваа потпрограма се планирани за стручно оспособување, школувања, курсеви и друг вид на усовршувања на вработените во МО и Армијата, во земјата и странство.*
*Во наведената потпрограма за обуки во земјата (за специјализирани обуки) беа планирани финансиски средства во износ 222,945 денари, а потрошени се 195,835 денари (дел од обуките се реализираа онлајн или во рамки на проекти - донации).*
*На обуките во земјата организирани од Министерството за одбрана - Центар за обука „Д-р Џозеф Крузел“ од вкупно 482 учесници, 310 (65%) се мажи, а 172 ( 35%) се жени.*
*Во Буџетот на Министерството за одбрана за потпрограма 11 – Стручно оспособување и усовршување во земјата и странство во 2023 година, одобрени се 25.000.000 денари.*

## 6. Тесни грла и научени лекции (Како можеме да ја подобриме во иднина политиката/програмата, со цел да обезбеди подобри резултати во согласност со дефинираните индикатори )

*<u>Научени лекции:</u>*

*Во рамките на втората фаза од Регионалниот проект со UNDP / SEESAC – „Зајакнување на регионалната соработка за родовата интеграција во реформите на безбедносниот сектор на Западен Балкан“, изработена и регионално промовирана е* ***„Регионалната студија за интеграција на родовата перспектива во образованието и обуката во одбранбените системи во земјите од Западен Балкан“- Студија за почетна состојба*** *(декември 2022година).*

*Студијата содржи податоци за почетната состојба со интегрирањето на родовата перспектива во военото образование и обука, како и информации за добрите практики и за плановите за понатамошно унапредување на постоечките политики и практики т.е. препораки за понатамошни унапредувања во областа на интеграцијата на родовата перспектива во военото образование и обука во области кои се важни за понатамошно унапредување на родово-одговорните политики и практики во одбранбениот систем.*
*Регионалната Студија за почетната состојба е израз на определбата на министерствата за одбрана преку проактивно делување да обезбедат почитување на принципите на родова еднаквост и еднакви можности, на кои се посветени сите четири држави и одбранбени системи вклучени во проектот (Република Северна Македонија, Република Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора).*

*https://mod.gov.mk/storage/2023/01/integracija-na-rodova-perspektiva-vo-voenoto-obrazovanie-i-obuka.pdf*

## 7. Заклучоци и препораки

- *Воведување електронски систем за водење на статистика, односно воспоставување на база со родово разделени податоци за наведената програма би овозможило методолошки да се следи програмата преку добивање и обработка на податоци за ефектите и влијанието во остварување на индикаторите и посакуваните резултати.*
- *Во Календарот за специјализирани обуки на Министерството за одбрана во 2023 година се планирани родови обуки за различни категории персонал со цел зајакнување на посебните компетенции, меѓу кои и за членовите на Комисиите за избор и упатување на стручно оспособување и усовршување.*

***Министерка за одбрана***
***с.р. Славјанка Петровска***